# Иницијален состанок на акцијата ИПА 2 Механизам за граѓанските организации (IPA2CSO)

На **04 април 2016 година (понеделник)**, во просториите на **ЕУ Инфо Центар** во Скопје со почеток во **14.00 часот** ќе се одржи **иницијален состанок на акцијата ИПА 2 Механизам за граѓанските организации (IPA2CSO)**. На иницијалниот состанок, ќе се дискутираат првичните наоди на секторските консултации на граѓанските организации во секој од секторите за ИПА2: (1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и фундаментални права, (3) Животната средина (4) Транспорт/Енергија , (5) Конкурентност и иновации, (6) Социјален развој и (7) Земјоделство и рурален развој.

Присутните ќе имаат можност да проследат и учествуваат во дискусии кои ќе се фокусираат на секторскиот пристап на граѓанското учество во инструментот за пртпристапна помош ИПА2.

Овој настан го означува стартот на акцијата Механизам за граѓанските организации (IPA2CSO) која Македонскиот центар за европско образование МЦЕО, го спроведува со Еко-Свест, Реактор и Зенит.

Главната цел на IPA2CSO е зајакнување на влијанието на граѓанското општество врз јавните политики и донесувањето одлуки, во граѓанскиот и политичкиот дијалог и влијанието врз клучните реформи за понатамошна поддршка на земјата во процесот на пристапување во ЕУ.  Специфична цел на оваа акција е промоција на ИПА 2 механизамот кој ефикасно ја поддржува партиципативната демократија преку соработка меѓу Владата и граѓанските организации.

Оваа акција е имплементирана со финансиска поддршка на Европската Унија.

Ве молиме да го потврдите вашето учество на иницијалниот состанок најдоцна до **4 април, 10.00 часот** со пополнување на **формуларот за регистрација.**

IPA 2 Mechanism for Civil Society Organisations (IPA2CSO)
This action is funded by the European Union

## Иницијален состанок на акцијата ИПА 2 Механизам за граѓанските организации (IPA2CSO)

понеделник 4 април 2016г, 14.00 – 16.00 часот,
ЕУ инфо центар, ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 52в, во Скопје

**Дневен ред на иницијалниот состанок**

*11.00-11.15 клучни излагачи*

• Н.Е. Г-дин Аиво Орав, Шеф на Делегацијата на Европската Унија
• г-дин Фатмир Бесими, заменик-претседател на Владата задолжен за евроинтеграции

*10.15-11.30 Сесија: ИПА2 и граѓанско општество*

*11.30-11.45 Презентација на ИПА 2 Механизам за граѓанските организации (IPA2CSO) Акција*

*11.45-12.00 Сесија: ИПА2 секторски политики*

Кафе Пауза

*12.15-12.50 Презентација на ИПА 2 секторските Консултации*

(1) Демократија и владеење, (2) Владеење на правото и фундаментални права, (3) Животната средина (4) Транспорт (5) за конкурентност и иновации, (6) Образование, вработување и социјални политики и (7) земјоделство и рурален развој

12.50-13.00 Заклучоци и дискусија

IPA 2 Mechanism for Civil Society Organisations (IPA2CSO)
This action is funded by the European Union